Архивски број: 04-2224/9
Датум: 04-03-2021

Врз основа на член 52 од Законот за административни службеници („Службен весник на РМ“ број 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16, 11/18 и „Службен весник на РСМ“ број 275/19 и 14/20), државниот секретар на Министерството за финансии донесе

## ОДЛУКА
### за невршење на избор на административен службеник

1. По интерниот оглас број 1/2021 за унапредување во Министерството за финансии, објавен на ден 09.02.2021 година на веб страната на Министерството за финансии и на веб страната на Агенцијата за администрација, за работното место Раководител на одделение за контрола и општи работи, Одделение за контрола и општи работи, Сектор за централно финансирање и склучување на договори - 1 извршител, НЕ СЕ ВРШИ ИЗБОР.

2. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

### Образложение

На веб страната на Министерството за финансии и Агенцијата за администрација, беше објавен интерен оглас за унапредување на административни службеници во Министерството за финансии, во кој како едно од работните места беше објавено и работното место Раководител на одделение за контрола и општи работи, Одделение за контрола и општи работи, Сектор за централно финансирање и склучување на договори - 1 извршител.

Во врска со наведениот оглас и работното место, Комисијата за селекција за унапредување на административни службеници во Министерството за финансии, формирана со Решение бр. 04-2224/1 од 22.02.2021 година, по спроведената административна селекција за горенаведеното работно место, утврди дека нема кандидати кои аплицирале на истото, кој факт е констатиран на Записникот од административна селекција за интерен оглас број 04-2224/2 од 26.02.2021 година.

Поради наведеното, се одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

ПРАВНА ПОУКА: Поради оваа одлука незадоволниот кандидат може да поднесе жалба до Агенцијата за администрација – Комисија за одлучување по жалби и приговори на административните службеници, во рок од 8 дена.

ДОСТАВЕНО ДО:
- архивата на Министерството.

Државен секретар
д-р Јелена Таст

Изработил: Александра Лулкоска
Проверил: Верица Стоилова
Согласен: Татјана Васева
Проверил: м-р Татјана Трајковска
Ана Арсовска
Ќефсер Демири


Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 760
www.finance.gov.mk